ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ
ВАТАША

# Развојна програма за работа на Основното училиште „Димката Ангелов - Габерот“ с.Ваташа, општина Кавадарци, за период од 2022 – 2026 година



с.Ваташа 2022 година

Врз основа на  член 49 став (1), (2) и (6) од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20) и Правилникот за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште бр.18-6579/1 од 06.07.2020 година, ООУ ,,Димката Ангелов Габерот”- с.Ваташа изготвува

# Развојна програма за работа на ООУ ,,Димката Ангелов Габерот”- с.Ваташа за период 2022-2026 година

**Јуни 2022**

**Содржина**


**Вовед**

**1.Податоци за основното училиште ......................................................................3**

1.1. Идентификациони податоци за училиштето ..........................................................4

1.2. Историјат на основното училиште...........................................................................5

1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта....5

**2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште.................. 6**

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка..... 6

2.2. Работен стаж на вработените ...............................................................................7

2.3. Простор .................................................................................................................7

2.4. Опрема и наставни средства ................................................................................10

2.5. Материјално-финансиско работење на училиште ..............................................12

**3.Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма .....12**

**4.Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години .......14**

4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна) ..............................................14

4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна) .................................15

**5.Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа).................19**

5.1. Локални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години .........................................................................................................19

5.2. Национални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години .........................................................................................................20

5.3. Меѓународни фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години .........................................................................................................23

**6.Мисија и визија на основното училиште ....................................................................25**

**7.Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период ......................................................................................27**

**8.Соработка на основното училиште со родителите/старателите ..................................44**

**9.Соработка на основното училиште со општина, институции од областа на образованието, НВО и др. .........................................................................................46**

**10.Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште.**..............................................................................................................

**11.Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште**......................**50**

**12.Заклучок ....................................................................................................................50**

**13.Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште...51**

**14.Користена литература ...............................................................................................51**

**Вовед**

Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од 4 години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи, стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Развојната програма за работа на училиштето ја изработува комисија формирана од директорот на основното училиште. Комисијата е составена од 7 до 11 челенови: Директор, Одделенски наставници (1-3) , Предметни наставници (1-3), Стручни соработници (1-2), Родители (1-2). Со комисијата раководи директорот на основното училиште.

Изработената Развојна програма за работа на основното училиште директорот ја доставува до Наставничкиот совет и Совет на родители за мислење. Наставничкиот совет и Советот на родители го доставуваат мислењето во рок од 7 дена од денот на добивањето на барањето за мислење.

Развојната програма за работа на училиштето ја усвојува Училишниотодбор на предлог на директорот на училиштето. Усвоената Развојна програма за работа на основното училиште може да се измени и дополни во текот на нејзината имплементација.

Развојната програма за работа на училиштето во периодот од 2022 до 2026 година училиштето се заснова врз основа на следните документи:

- Законот за основно образование,
- Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта;
- Законот за работни односи;
- Законот за јавни набавки;
- Законот за организација и работа на органите на државната управа и други законски, позаконски акти и дрги интерни акти;
- Правилникот за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште,
- Наставниот план за деветгодишно основно образование,
- Календарот за работа во основните училишта во 2020/2021;
- Годишната програма за работа на училиштето;
- Извештаите од извршените увиди од страна на Државниот просветен инспектор, овластаниот просветен инспектор на Општина Кавадарци и санитерен инспекторат;
- Стратегијата за образование 2018 – 2025
- Други документи – правилници, задолженија од МОН и БРО.

# 1. Податоци за ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа

## 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ “ Димката Ангелов Габерот” |
| Адреса | ул. „Страшо Пинџур“ бр.186 |
| Место и општина | с. Ваташа, Кавадарци |
| Веб-страница | www.dagvatasa.edu.mk |
| Е-маил | dag_vatasa@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 10 јуни |
| Телефон | +38943 416-543 |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1458 м2 |
| Вкупен училишен двор (m2) | 1042 м2 |
| Капацитети на училиштето | 400 ученици |
| Број на ученици моментална состојба | 254 ученици |
| Број на паралелки | 18 |
| Јазици на кои се изведува наставата | Македонски јазик |
| Во училиштето има паралелки за ученици со ПОП | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата | 1 смена |
| Училиштето е основано од | Локална самоуправа 1948 |
| Верификација број актот | 10-2748/1 од 03.06.1992 |
| Година на изградба | 1948 |
| Тип на градба | Тврда градба |
| Хортикултурно уреден училишен двор | 208 м2 |
| Друга дворна површина | 234 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 600 м2<br>376м2 спортска сала |
| Начин на загревање на училиштето | Училиштето користи парно на пелети и дрва |

## 1.2 Историјат на основното училиште

На неполни 2km од Кавадарци се наоѓа селото Ваташа. Се спомнува ли Ваташа спонтано мислите ни запираат на три големини од нашето историско и револуционерно минато, 12-те Ваташки младинци, народниот херој Страшо Пинџур и легендарниот народен херој Димката Ангелов Габерот. Селото Ваташа е стара населба во која економскиот и културно – просветниот развој почнал многу одамна, дури порано и од Кавадарци. Се вели дека првата печатница била отворена во 1936 год. во с. Ваташа од Даскал Камче.

За прв пат училиште во с. Ваташа е отворено во 1918 год. и работело во старата зграда. Училиштето е пренесено во новоизградената зграда во 1948 год. и со Решение на Народниот Одбор на општина Кавадарци го добива името Димката Ангелов -Габерот. Основното општинско училиште „Димката Ангелов - Габерот"с.Ваташа е лоцирано на улица „Страшо Пинџур" бр. 186 во с.Ваташа. Патрон на училиштето е Димката Ангелов – Габерот, и во негова чест се одбележува 10 јуни.

Училиштето е со статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од 1 до 9 одделение, и ги опфаќа учениците од месната заедница Ваташа.

Училиштето е основано од Локалната самоуправа – Кавадарци и е верифицирано со број 10-2748/1 од 03.06.1992 година од Министерството за образование и наука.

## 1.3 Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

ООУ„Димката Ангелов Габерот" с.Ваташа има специфичности во организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа, наставниците континуирано професионално се усовршуваат, учениците учествуваат на натпревари и постигнуваат солидни резултати.

Препознатливо е училиштето по тоа што се промовира во земјата и странство преку проектите од Еразмус+ програмата. Нашето училиште до сега учествува во 6 проекти од кои еден е завршен, два се во завршна фаза, а три во тек. Учениците и наставниците имаат можност да видат како се одвива воспитно образовниот процес и во други земји и да пренесат искуства кај нас.

Училиштето има свое лого, и-мејл адреса и има изработено и сопствена веб страна, а за своите активности низ текот на годината континуирано ја известува пошироката заедница преку facebook профилот, локалните медиуми и други социјални мрежи и веб-страни поврзани со образованието.

Од спецификите кои се карактеризира нашето училиште би одвоиле:

- Учество во проекти и обуки од програмата Еразмус+ од образовен карактер,

- Следење и изучување на програмата  Образование за животни вештини од I до IX-то одделение,
- Интеграцијата на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,
- Пилотирање на прирачникот за професионален развој на наставниците и стручните соработници,  вклучени се  повеќе наставници и стручни соработници, и овој проект е во завршна фаза,
- Пилотирање на Водичот за инклузија, вклучени се повеќе наставници и стручни соработници, и овој проект е во завршна фаза,
- Во наставните програми  внесена е програмата за  заедничка грижа за правилно насочување на учениците,
- Меѓуетничка интеграција во образованието,
- Работа на инклизивни тимови со деца кои имаат потешкотии во учењето,
- Вклучен образовен асистент за работа со ученик со посебни образовни потреби,
- Вклучен образовен медијатор за работа со ученици кои потекнуваат од социјално загрозените семејства и кои подолго време биле надвор од образовниот ситем,
- Антикорупциска едукација на учениците, и сл.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага училиштето

### 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка.

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Високо | Вишо | Средно | Основно |
| Наставен кадар | Одделенска | 11 | 10 | 1 | / | / |
| | Предметна | 17 | 15 | 2 | / | / |
| Стручни соработници | / | | 3 | / | / | / |
| Административни службеници | / | | 1 | / | / | / |
| Помошено-технички кадар | / | | / | / | 5 | 1 |

## 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 1 | 6 | 3 | / | 1 | / |
| Од 10 до 20 години | 4 | 7 | / | 1 | 3 | 1 |
| Од 20 до 30 години | 2 | / | / | / | 1 | / |
| Повеќе од 30 години | 4 | 4 | / | / | 1 | / |
| Вкупно | 11 | 17 | 3 | 1 | 6 | 1 |

## 2.3 Простор со кој располага училиштето

**Канцеларии**

- ✓ Канцеларија на директор,
- ✓ Канцеларија на педагог,
- ✓ Канцеларија на психолог,
- ✓ Канцеларија на секретар администратор кој врши благајнички и слични работи,
- ✓ Канцеларија на наставен кадар,
- ✓ Работилница на хаус-мајстор,
- ✓ Канцеларија на технички персонал,
- ✓ Просторија за ложач на парен котел-Котлара,
- ✓ Канцеларија на стручен актив по физичко образование,

**Училници и кабинети**

- ✓ Училница во која се рализира продолжен престој
- ✓ Кабинет по информатика,
- ✓ Кабинет по Физика,
- ✓ Кабинет по Биологија и Хемија,
- ✓ Кабинет по музичко образование
- ✓ Училница во која се реализира наставата за I/а одделение,
- ✓ Училница во која се реализира наставата за I/б одделение.

**Друг простор**

- ✓ Училиштето има библиотека која ја користат учениците и наставниците, но истовремено и стручниот соработник- специјален едукатор и рехабилитатор,
- ✓ Просторија на прв кат која се користи како магацин,
- ✓ Училиштето располага со четири санитарни јазли, во кои има по неколку тоалети кои се санирани и во добра состојба и простор уреден со мијалници.
- ✓ Сите училници од приземјето и спратот се поврзани со скали и ходници кои обезбедуваат безбедно и функционално движење на учениците и вработените во училиштето.

Имајќи ги предвид просторните услови и бројот на учениците, наставата се реализира во една смена.

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 16 | 812,33 м2 | 3 | 1 |
| Кабинети | 4 | 128,58 м2 | 2 | 3 |
| Библиотека | 1 | 18 м2 | 3 | / |
| Медијатека | / | / | 1 | 1 |
| Читална | / | / | 1 | 1 |
| Спортска сала | 1 | 376 м2 | 5 | / |
| Канцеларии | 5 | 102 м2 | 4 | 1 |
| Училиштен двор | 1 | 1764м2 | 4 | / |
| Заеднички простор за прослави | 1 | 300 м2 | 5 | / |
| Кујна | 1 | 9 м2 | 3 | / |
| Трпезарија | / | / | 1 | 1 |
| Друго:магацин, тоалети , просторија за технички персонал, контлара и др. | 23 | 129 м2 | 3 | Тоалет |

**2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и нагледни средства“**

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Материјално – технички услови на ниво на училиште | - Куќишта<br>- Тастатури<br>- Монитори<br>- Глувчиња<br>- Метален орман<br>- Фотокопир<br>- Принтери<br>- Лцд платно<br>- Лцд проектор<br>- Лаптоп<br>- Радио-касетофон<br>- Таблет<br>- Телевизор<br>- Прочистувачи на воздух<br>- Клими<br>- Двд<br>- Синтисајзери<br>- Мандолини<br>- Гитари | |
| Македонски јазик | • учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот- читанка;<br>• Интернет;<br>• списанија;<br>• аудио-визуелни средства; | • енциклопедии, речници и сл.;<br>• образовни софтвери;<br>• списанија;<br>• аудио-визуелни средства; |
| Математика | • учебник и работна тетратка за соодветниот предмет, одобрени од страна на министерот;<br>• Интернет;<br>• манипулативни средства; | • манипулативни средства за собирање, одземање, множење и делење;<br>• сет за изучување дропки<br>•едукативни игри<br>• 2Д и 3Д форми, гео-табла<br>• вага за тежина, за течност, средства за мерење на должина |
| Општество | • учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;<br>• Интернет; | • енциклопедии, речници, атласи, карти, релјефни карти и сл.;<br>• образовни софтвери;<br>• аудио-визуелни средства |
| Музичко образование | • учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;<br>• аудио средства<br>• Интернет; | • дидактички средства и материјали;<br>• визуелни средства<br>• аудио средства |
| Ликовно образование | • учебник избран на ниво на училиште за соодветниот | • дидактички средства и материјали;<br>• визуелни средства (предмети од |

| | | |
|---|---|---|
| | предмет, одобрен од страна на министерот;<br>• Интернет; | непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);<br>• сликовници, списанија и сл.; |
| Физичко и здравствено образование | - учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;<br>- фискултурна сала за изведување на наставата<br>- фудбалска топка,<br>- пинг понг топче,<br>- јаже за скокање, штоперица, рипстол, шведска клупа, шведски сандак, греда, јарец, хулахоп, маркери (конусни или полутопка), штафетни палки и др. | |
| Работа со компјутери и основи на програмирањето | Интернет,<br>Лапопи,<br>Таблети | • учебник или прирачник одобрен од страна на министерот;<br>• компјутер за секој ученик |
| Природни науки | Батериски ламби,<br>перископ,<br>глобус,<br>компас,<br>модел на човек(торзо) , модел на срце, модел на мозок,<br>жици, кабел, штрафцигер,<br>утикачи, прекинувачи,<br>географска карта на Македонија,<br>зелен пакет,<br>вага,<br>метро<br>пинцети 2-3,<br>прирачник–природни науки 5одд<br>прирачник- природни науки 6одд<br>вежбанка - природни науки 5одд<br>вежбанка –природни науки 6одд<br>**Кабинетот по Природни науки е комплетно опремен од страна на МОН (Проект за унапредување на основното образование – ПЕИП проект)** | |

| | | |
|---|---|---|
| Англиски јазик | - учебник избран на ниво на училиште , одобрен од страна на министерот;<br>- Интернет;<br>- аудио-визуелни средства;<br>- Флеш карти со англиската азбука<br>- Флеш карти со броеви до 100<br>- Флеш карти со облека<br>- Флеш карти со храна<br>- Флеш карти со основните бои<br>- Постер со англиската азбука<br>- Постер со прилози за место<br>- Постер со професии | - образовни софтвери;<br>- ЦД плеер<br>- Звучници за лап топ<br>- Сложувалки 6/1 со 2 или 3 парчиња(домашни животни)<br>- Коцка во коцка/форми и броеви<br>- Постер со неправилни глаголи<br>- Постер со глаголски времиња<br>- Постер со условни реченици<br>- Постер со годишни времиња и месеци во годината<br>-Постер со директен и индиректен говор |
| Математика – Предметна настава | 3Д - форми<br>Метро,вага за мерење маса,епрувети за течност<br>Прибор за цртање | Смарт табли 2<br>Нагледно средство за дропки,споредување и проширување на дропки<br>Периметар и плоштина на круг, кружен исечок, кружен прстен, кружен лак, едукативна слика во колор печат<br>Својства на триаголници и многуаголници, едукативна слика во колор печат<br>Периметар и плоштина на квадрат, правоаголник, ромб, паралелограм, едукативна слика во колор печат<br>Периметар и плоштина на трапез, делтоид, многуаголник, едукативна слика во колор печат |
| Физика | Вага<br>Компас (магнетна игла)<br>Тегови<br>Пружини<br>Макари<br>Прачкасти магнети<br>Потковичест магнет<br>Електроскоп<br>Ебонитна и стаклена прачка<br>Генератор на струја<br>Демонстратор на втор Њутнов закон<br>Демонстратор на прв Њутнов закон<br>Постер со SI единици | Сталак за пружини<br>Жици со пинови<br>Џебна светилка (електрик)<br>Огледало<br>Стаклена призма<br>Светлински филтри<br>Мензура<br>Мултимер (V,A,….)<br>Светилки со пинови<br>Батерии со пинови<br>Железни струганици<br>Сталак за магнети |
| Географија/ Историја | Историски и географски карти,<br>Глобуси, телескоп | Проектор, компјутер, географски и историски читанки, |

| | | |
|---|---|---|
| Хемија/Биологија | Торзо на човек, модел на уво, костур, микроскоп, периоден систем, модел на атоми/половични **Кабинетот по Хемија е комплетно опремен од страна на МОН (Проект за унапредување на основното образование – ПЕИП проект)** | Модел на око, костур, слики од рбетници и безрбетници. |

### 2.5. Материјално-финансиско работење

Финансиско работење, што го спроведува училиштето, е во согласност со законските норми. Директорот на училиштето ги знае механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиските активностии и финансиската состојба на училиштето. Училишен одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да добие соодветно подобрување на квалитет за потрошените финансиски средства. Директорот редовно ги консултира сите вработени, за се она што им е потребно за непречено одвивање на воспитно образовниот процес. Кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за училиштето во финансискиот план предвидува и финасиски средства за реализација на еколошките проекти и точките на акции од воспоставените еко-стандарди. Училиштето навремено обезбедува финансии за потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира.

## 3. Подрачје на работа на основното училиште – наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

Училиштето е верифицирано со акт број 10-2748/1 од 03.06.1992 година од Министерството за образование и наука.

Согласно Наставниот план и програма за основно образование, наставата се планира, организира и реализира и истата континуирано се следи. Со реализација на наставата се остваруваат основните образовни и воспитни цели на училиштето. Преку наставниот процес учениците се стекнуваат со трајни знаења, вештини, умеења и формираат систем на ставови и вредности и ги развиваат своите индивидуални способности.

Во образованието секогаш се содржани образовните и воспитните аспекти. Затоа основното образование треба да биде организирано и водено на најпогодни начини за да влијае на развојот на сознајните способности на учениците, на развојот на нивните општи, интелектуални способности, како и на другите својства, како што се развивање на самостојно и творечко мислење, развивање способности за стекнување на нови знаења, умеења и навики.

Овој сложен процес бара активизација на интелектуалните способности особено, конкретно и формално мислење, фантазија, креативност, вклучување на емоционалните елементи и волјата на личноста.

Образованието сфатено во оваа смисла може да овозможува развој на учениците и ангажирање на нивните потенцијали.

За современото образование исклучително значење има флексибилноста во наставата. Неопходно е во училиштето да се организираат дополнителни форми на образовна работа со кои ќе се компензираат пропустите во знаењето на учениците со силна соработка и комуникација меѓу наставниците, учениците и родителите.

На секое дете треба да му се овозможи оптимален развој, затоа образовниот систем треба да биде насочен кон целосниот развој на личноста на детето, што ќе се приближи и ќе ги достигне европските нивоа на знаења и вештини како и почитување на моралните и културните вредности.

Во однос на бројната состојба на учениците имаме зголемување на бројната состојба за мал број ученици. Бројната состојба во училиштето не задоволува.

- Учебна **2018/2019** година: Вкупно ученици: **226**

- Учебна **2019/2020** година: Вкупно ученици: **244**

- Учебна **2020/2021** година: Вкупно ученици: **264**

- Учебна **2021/2022** година: Вкупно ученици: **241**



## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години.

### 4.1.Самоевалуација на основното училиште

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| Наставни планови и програми | - Целосна примена на иновативни форми, методи и техники на учење од страна на сите наставници<br>- Целосна примена на измените во наставните планови и програми од МОН, како и проследување на обуки за реализација на истите.<br>- Посета на доволен број обуки и семинари за работа со ученици со посебни образовни потреби од повеќе наставници;<br>- Мотивирање на учениците за поактивно вклучување во Училишниот спортски клуб. |
| Постигнувања на учениците | - Да се следат постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование;<br>- Изработка на акциски план за спроведување активности за едукација на родители и ученици роми, за редовно доаѓање во училиштето и предностите од образованието; |
| Учење и настава | - Реализација на отворени часови организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства и на родителите на родителски средби и други активности во училиштето;<br>- Вклучување на учениците во процесот самооценување, за нивна увидување колку се нивните постигнувања; |
| Поддршка на учениците | - Запознавање на родителите со правилници за награди, пофалби и педагошки мерки<br>- Обезбедување просторија за храна<br>- Поголема ангажираност на Центрите за<br>- социјална работа за откривање и надминување на социјалните проблеми кај учениците. |
| Клима во училиштето | - Унапредување на соработката со родителите на учениците кои покажуваат непримерно поведение;<br>- Унапредување на соработката со родителите на учениците од ромска популација, затоа што кај нив е изразена нередовноста;<br>- Модернизација на објектите за изведување на наставата; |
| Ресурси | - Реновирање на дел од тоалетите;<br>- Редовно дополнување со нови наставни средства и помагала;<br>- Дополнување на училишната библиотека со потребните лектирни изданија |
| Раководење, управување и креирање политики | - Рангирање на училиштето со добивање на нови проекти и подобрување на условите за работа во училиштето (компјутери и ИТ технологија) |

## 4.2.Интегрална евалуација на основното училиште

| Подрачје | Согледувања од интегрална - 2018 година |
|---|---|
| Наставни планови и програми | **Реализација на наставните планови и програми**<br>Воспитно - образовната работа во ООУ „Димката Ангелов Габерот“ Ваташа се реализира според наставните планови и програми за основно деветгодишно образование и истите се во согласност со програмските документи изготвени од Бирото за развој на образование и одобрени од Министерството за образование и наука на Република Македонија.<br>Задолжителната и изборната настава се реализира по обем и динамика, согласно наставните планови и програми, без отстапувања.<br>Во реализацијата на наставните планови и програми нема отстапувања. Потешкотии за реализацијата на наставниот план и програма има по физичко и здравствено образование, поради немањето на фискултурна сала како и спортски реквизити и опрема.<br>Потешкотии во реализацијата на одредени содржини од програмите по наставните предмети биологија, хемија, физика, бидејќи нема соодветно опремени кабинети за реализација на овие содржини кои бараат нагледност и истражувачки методи.<br>Постапката за изборни наставни предмети се врши преку анкетирање на учениците, а се зема во обзир и мислењето на родителите.<br>Процедурата при избор на изборните предмети е во склад со интересите, афинитетите на учениците.<br>Изборната настава е застапена согласно наставниот план и програма. Училиштето планира и реализира проширена програма-продолжен престој со ученици од прво до петто одделение со над 30 ученика.<br>**Квалитет на наставните планови и програми**<br>На стручните активи и наставничкиот совет се прибираат и разгледуваат мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.<br>**Воннаставни активности**<br>Воннаставните активности се планирани да се реализираат преку следните дидактички форми: Слободни ученички активности, грижа на училиштето за здравјето на учениците, производна и друга општествено-корисна работа, ученички ескскурзии, ученички натпревари, соработка со локалната заедница.<br>Во состав на слободните ученички активности под менторство на наставници планирани се повеќе видови секции. |
| Постигнувања на учениците | **Постигања на учениците**<br>Општинското основно училиште „ Димката Ангелов Габерот“с.Ваташа располага со податоци за нивните постигања, по основ на возраст, пол и јазик на кој се изведува наставата. За постигнатите резултати на учениците, училиштето изготвува извештаи, анализи, информации. Се вршат анализи и истражувања (*хоризонтално и вертикално*) при премин на учениците од еден во друг период, ниво на образование. Во овој извештај се наведени показатели за постигањата на учениците со споредбени анализи за последните три учебни години.<br>Учениците од женска полова припадност споредбено со машките, во сите три предходни години постигнуваат подобар успех.<br>Учениците од македонската националност споредено со учениците од |

| | |
|---|---|
| | ромската националност во сите минати три години постигнуваат подобри резултати.<br>**Задржување и осипување на учениците**<br>ООУ „Димката Ангелов Габерот“с.Ваташа, навремено ги превзема сите законски дејствија за упис на учениците во прво и останатите одделенија. Продолжува и понатаму да не се почитува реонскиот опфат на учениците од страна на дел родители кои ги запишуваат своите деца во училишта во Кавадарци.<br>**Повторување на учениците**<br>Во последните три учебни години пет ученика ја имаат повторувано годината. Родителите – старателите, учениците навремено се запознаени со правото за поднесување на приговор, во случаите кога има незадоволство од оценувањето за постигнатиот успех на ученикот, при случај на повторување на учебната година и др. Во последните три учебни години ниту еден родител – старател нема поднесено приговор по било кој основ. |
| Учење и настава | **Планирање на наставниците**<br>Наставниците имаат изработено долгорочни планирања (годишно планирање), среднорочни планирања (тематски, тематско-процесни и сл.) и кратокорочни (оперативни планови за наставен час) за реализација на наставните планови и програми.Тие се меѓусебно поврзани и со вградени содржини од подрачјата кои се од посебен интерес за образованието пр:ЕКО содржини, користење на ИКТ во наставата, кај мал број наставници меѓуетничка интеграција во образованието и др. Освен за задолжителната настава, наставниците изготвуваат и планирања за дополнителната и додатната настава, одделенскиот час, родителски средби и сл.<br>За учениците со посебни образовни потреби, наставниците имаат изработено посебни програми според потребите на ученикот адаптирани на нивните можности и услови во училиштето. Поддршка при изработувањето на овие програми наставниците имаат од стручната служба на училиштето.<br>Планирањата на наставниците содржат идентификациски податоци (име на училиштето, име и презиме на наставникот, наставен предмет/датум на реализација на часот, паралелка/ и во која се реализира часот).Оперативните планови кај поголем број наставници содржат: наставна тема, наставна содржина, цел на часот,/очекувани резултати, наставни средства, активности на наставникот, активности на учениците, а во зависност од целите на часот ИКТ, домашни работи, планирани диференцирани активности, инструменти за оценување, евалуација на часот и сл.Има мал број наставници чии оперативните планови не ги содржат сите дидактички елементи. Помал број од наставниците планираат користење на нагледни средства и материјали од училиштето.<br>**Наставен процес**<br>Наставниците во училиштето се трудат да користат поразновидни форми и методи во реализацијата на наставата.Во зависност од карактерот на содржините поголем број од наставниците применуваат работа во групи, во парови, индивидуална работа, вежби, користење на ресурси, со примена на постојните нагледни средства и помагала. Дополнителната и додатната настава и слободните активности се реализираат. Во училиштето се следи наставниот процес од директорот и стручните соработници.<br>**Искуства на учениците од учењето**<br>Учениците сметаат дека поголемиот број на наставници се отворени за соработка и пружење помош.<br>Кај поголем број наставници присутна е позитивна работна атмосвера која продуцира успешна интеракција меѓу наставниците и учениците.<br>**Задоволување на потребите на учениците** |

| | |
|---|---|
| | Идентификација на образовните потреби на учениците вршат самите наставници во процесот на наставата преку секојдневно следење на учениците, нивните постигања, активности, решавање на задачи и проблеми поврзани со наставната содржина која се изучува.<br>**Оценувањето како дел од наставата**<br>Наставниците при оценувањето поаѓаат од законските одредби односно, описно и бројчано според одделението и возраста на учениците.<br>**Известување за напредокот на учениците**<br>Училиштето редовно ги известува родителите за напредокот на нивните деца. Поголем број од наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно.<br>Родителите ги следаат постигањата на учениците преку организираните родителски средби, отворен ден во месецот, евидентниот лист по квартали, воведување на Е-дневникот, индивидуални средби и други форми.Во училиштето се води Е-дневникот при што родителите навреме се информирани и известени за напредувањето и редовноста на нивните деца. |
| Поддршка на учениците | **Севкупна грижа за учениците**<br>Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра. Наставата се изведува во добри пространи и природно осветлени училници со исклучок на три училници кои се мали по површина, но согласно бројната состојба на учениците истите ги задоволуваат потребите.<br>Инфраструктурата во училиштето (ходници,мебел,прозорци,) се безбедни. Училиштето ги има осигурано училишните објекти, вработените и учениците и има осигурителни полиси од соодветна осигурителна компанија.<br>Како превенција од насилство, училиштето има изготвено интерни акти, куќен ред, кодекс на однесување во кој се дефинирани правилата на однесување на сите субјекти во работата на училиштето.<br>**Здравје**<br>Грижата за здравјето на учениците во ООУ,,Димката Ангелов-Габерот,,-Ваташа е добра. Училиштето се грижи за здравјето на учениците во училиштето и води сметка за заштита од заразни болести. Постои редовно организирани систематски прегледи, вакцинација и ревакцинација на учениците и систематски и санитарни лекарски прегледи на вработените. Хигиената во училиштето во голема мера задоволува.<br>**Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**<br>Грижата на училиштето за професионалната ориентација на учениците од девето одделение делумно задоволува. |
| Клима во училиштето | **Училишна клима и односи во училиштето.**<br>Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправност. Раководниот и наставниот кадар има важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците, а исто така соработката помеѓу стручната служба и раководниот орган е постојана. Односите помеѓу наставниците во најголем дел се добри.<br>Во училиштето постои соработка меѓу вработените и другите инволвирани во воспитно образованиот процес, но има потреба од подобрување на соработката помеѓу раководниот кадар и дел од административно техничкиот кадар. Раководниот и најголемиот дел од наставниот кадар се постојани во своите напори да обезбедат добра атмосфера во училиштето. Најголемиот број на ученици се чувствуваат прифатени од возрасните во училиштето кое мислење го делат и родителите на учениците.<br>Дисциплината на учениците за време и по завршување на наставата е добра.<br>**Промовирање на постигањата**<br>Училиштето развива договорен систем на вредности и начин на промовирање |

| | |
|---|---|
| | на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето, локална средина и пошироко во рамките на општината. Во училиштето се води грижа за промовирање на постигањата на учениците во рамките на училиштето и во локална средина.<br>**Еднаквост и правичност**<br>Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и истите ги запознаваат учениците со нивните права, но не секогаш им овозможуваат да ги практикуваат.<br>**Партнерски однос со родителите и со локалната заедница**<br>Училиштето превзема активности за вклучување на родителите во воспитно-образовната работа на сите нивоа, но и покрај тоа, родителите во работата на училиштето се вклучени главно преку формалните органи, родителски средби, училиштен одбор и преку советот на родители. |
| Ресурси | **Смесување и просторни капацитети**<br>Објектот во кој е сместено ООУ „Димката Ангелов Габерот"с. Ваташа е од цврста градба, приземје и кат со вкупна внатрешна површина од 1500 м2 и дворна површина од 1042 м2 од која 600 м2 отпаѓа на асфалтиран мултинаменски спортски терен, а останатиот простор под зелени површини. Приклучен е на електрична, водоводна и канализациона мрежа, како и сопствено централно греење.<br>За изведување на воспитно-образовниот процес училиштето има вкупно 18 класични училници од кои четири се специјализирани за една намена (2 училници за прво одделение, 1 училница за дневен престој, 1 кабинет по информатика, додека останатите училници се користат двонаменски за одделенска и предметна настава.<br>**Наставни средства и материјали**<br>Опременоста со нагледни средства и спортски реквизити делуно задоволува. Училиштето е опремено со компјутери од проектот на Владата на РМ „Компјутер за секое дете". Добиените компјутери се инсталирани во училниците и истите се функционални, со ограничен пристап до интернет. Заради работа во една смена делумно ги задоволуваат потребите на учениците.<br>**Обезбедување на потребен кадар**<br>Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар во согласност со Законот за основно образование и нормативот за наставен кадар. Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и исполнувањето на обврските на наставниот кадар ја следи директорот и стручниот соработник. Во случаи на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена или се менува распоредот за пополнување на празните часови.<br>**Следење на развојните потреби на наставниот кадарот**<br>Наставниот кадар е со соодветно образование.<br>Развојните потреби на кадарот се следат од страна на директорот и педагогот на училиштето. Се врши посета на часови од страна на директорот и педагогот на училиштето. Наставниците редовно учествуваат на семинари кои се организираат од страна на Бирото за развој на образованието, како и во проекти кои се спроведуваат од страна на акредитирани домашни и странски организации. Педагогот континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потреби за стручно усовршување со цел да се определат приоритети за нивно перспективно стручно оспособување и обука. Обуките се евидентираат во педагошките досиеја на наставниците и стручниот соработник.<br>**Финансиско работење во училиштето**<br>Училиштето секоја година донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето со одлука на Училишниот одбор. Редовно добива финансиски средства од буџетот и известува за приходите и расходите и наменски ги троши средствата. Финансиското работење се |

| | |
|---|---|
| | контролира од Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Постои значителен степен на транспарентност во планирањето и трошењето на средствата. При спроведувањето на набавките се почитуваат одредбите од законот за јавните набавки. |
| Раководење, управување и креирање политики | **Управување и раководење со училиштето**<br>Во училиштето орган на управување е училишниот одбор. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. За регулирање на својата работа Училишниот одбор има донесено деловник за работа. Состаноците се одржуваат во согласност со деловникот за работа.<br>Директорот ги исполнува законски и статутарно поставените услови за директор на училиштето. Целите и задачите на директорот се насочени кон организирање и реализацијата на воспитно образовната работа и обезбедување на услови за нормално изведување на наставата, преку Годишната програма за работа на училиштето и сопствената програма.<br>**Цели и креирање на училишна политика**<br>Целите на државната политика, училиштето ги има имлементирано во Годишната програма за работа и Програмата за развој. Образовната политика и во двата документи се креира по насоките дадени од страна на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.<br>**Развојно планирање**<br>Раководниот тим на училиштето преку анализа на работењето во предходните години од спроведената самоевалуацијата има изготвено развоен план, донесен и усвоен од страна на УО, со која што приоритетите од самоеваулацијата се планирани како стратешки цели. Во Програмата за реализација на стратешките цели се планирани и активности и дејствија за реализација за период од четири години. Дел од зацртаните цели во развојниот план, се во фаза на реализација. |

## 5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште

### 5.1. Локални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години

Селото Ваташа гравитира кон општина Кавадарци и е мултиетчка средина, која опфаќа население од македонска националност и од ромската заедница. Населението во с. Ваташа е претежно се занимава со земјоделство, а помладата популација во потрага по подобри услови за живеење својата егзистенција ја бара во Кавадарци, а во последно време иселување во друга држава. Има и отсуства од ученици кои одат во странство и се враќаат. Кавадарци е град со познато културно – историско минато, град на грозјето и виното, серенадата, а со право може да се каже дека е и индустриски град во кој најзначајно место завзема фабриката Еуро никел, која со својата работа е позната и надвор од границите на нашата држава. Со отварање на фабриката Дрекселмаер во Кавадарци се разви и автомобилската индустрија.

Денес во Кавадарци се испреплетени традицијата и современите текови на живеење, град во кој се спојуваат искуството и староста со ентузијазмот и младоста. Кавадарци е афирмиран град уште повеќе преку манифестацијата Тиквешки гроздобер, која има трационален карактер.

Основното училиште Димката Ангелов - Габерот од с. Ваташа претставува расадник на креативни сили, кои се подготвени да се исправат пред предизвиците на модерното време, кое бара нови идеи, знаења и вештини.

## 5.2. Национални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години

ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа работи според Законот за основно образование и основното одбразование е деветгодишно, задолжително и бесплатно за сите ученици од 6 до 14 години.

Воспитно образовната работа се организира и остварува согласно наставниот план и програма, кои на предлог на БРО ги утврдува МОН.

Во периодот од 2017 до 2021 година, согласно законските измени во основното образование во училиштето се применуваа активности кои претставуваа новитети и иновации. Училиштето соработуваше со БРО преку кое беа организирани некои од обуките коишто влиаеја на професионалниот развој на раководниот кадар, стручните соработници и наставниците.

Учениците кои се со потешкотии во учењето се вклучени во редовната настава, а нивната инклузија уште повеќе зајакна со донесување на новиот Закон за основно образование во 2019 година во кој посебен акцент е ставен на инклузивниот процес.

Преку процесот на инклузивност, училиштето ги гради своите капацитети за прифаќање на сите ученици од локалната заедница кои сакаат да се запишат, и преку тоа, ги намалува сите форми на исклученост и дискриминација на учениците што би го направило училишниот живот за некои ученици непотребно тежок. Инклузијата претставува процес на зголемено учество и каде што учеството на секоја индивидуа значи признавање, прифаќање, почит и вклученост во процесот на учење и социјалните активности на начин кој на поединецот му овозможува да развие чувство на припадност во групата и средината. Со промените во Законот за основно образование, во рамките на училиштето функционира инклузивен тим, Инклузивниот тим на ниво на училиштето има водечка улога во развојот на процесот на сеопфатност. Истиот има за цел да го следи, поттикнува и поддржува воспитно-образовниот процес на учениците со посебни образовни потреби, како и да дава постојана поддршка на наставниците во работата со учениците. Исто така, покрај УИТ, во училиштето функционираат и инклузивните тимови на ученик, кој пак имаат за цел изготвување на индивидуален образовен план за ученикот, директна индивидуална поддршка на ученикот и консултативно-советодавни и објективни информации на родителите за состојбата и напредокот на учениците.

Врз основа на индикаторите за квалитетот на работата во училиштата се оценува квалитетот на воспитнио-образовниот процес, се дефинираат силните и слабите страни во работењето и се даваат препораки за подобрување, односно се потенцираат приоритетите на училиштето. Врз основа на овие индикатори училиштето во овој период има направено самоевалуации и тоа за период 2017-2019 и 2019-2021 година врз чија основа се изготвува Годишната програма за работа на училиштето, а сега и Развојната програма. Врз основа на овие индикатори се врши и интегралната евалуација од страна на ДПИ. Последната интегрална евалуација во училиштето беше спроведена во октомври 2018 година. Од оваа интегрална евалуација беа дадени препораки кои училиштето веќе ги исполни.

Училиштето се вклучи во проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието кој имаше за цел да се подигне свеста кај учениците, а воопшто и кај луѓето за различностите во земјава во однос на различната етничка припадност и вера. Во врска со овој проект имаше обуки, а потоа беа спроведувани различни активности кои беа реализирани од наставници и ученици од различна етничка припадност.

Во рамките на овој проект, нашето училиште има склучено договор за соработка со ООУ„Страшо Пинџур“ с.Карбинци Штип. Соработката продолжува и покрај вонредните услови.

Училиштето работи и проект за Антикорупциска едукација на учениците, како и проектот за Еколошка едукација на учениците.

Училиштето е активно вклучено и во Еразмус+ проектите од 2018 година.

Со новите измени во образовниот систем, изготвен е стратешки документ Сеопфатна стратегија за образованието 2018/2025 со која се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наредниот период:

- Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитување на разликите (во смисла на родот, етничката припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократската култура.
- Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување.
- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и воннаставните активности според слободниот избор на учениците.
- Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитување на разликите и демократските вредности.
- Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи.
- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија.
- Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција.
- Изготвување неопходни дидактички ресурси и нивно распределување на наставниот кадар во нашето училиште.
- Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање, учење и методолошки ресурси со обезбедување на соодветен софтвер во училиштето.
- Воспоставување систем за професионална ориентација преку стручните соработници и наставниците.
- Иницијална обука на наставниците и стручните соработници во согласност со професионалните компетенции и стандарди.
- Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците приправници и специјалистите од стручните соработници кои се приправници.
- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник - ментор, /наставник/стручен соработник - советник)

Во последните 4 години, а со очекувана рефлексија на наредните 4 години, направени се бројни измени и зајакнувања на националните фактори – под форма на законска регулатива кои влијаат на реализацијата на воспитно – образовната работа на училиштето во тековната и наредните учебни години:

- Донесени се неколку концепции кои значајно ја изменуваат визијата и мисијата на воспитно – образовните институции, со тоа што предност се дава на

осовременување на целиот процес, а дополнително и преоретизирање на специфични области за кои состојбата на терен укажува за потребата од тоа:

- Донесена е нова Концепција за основно образование која има за цел осовременување на воспитно – образовната дејност и подигање на нивото на

квалитетот во истата. Концепцијата ги разгледува предизвиците во образованието во последните години и дефинира потреба и предлози за промена на истите.

- Донесена е Концепција за инклузивно образование кое ја поставува како врвен преоритет инклузија на лицата со посебни образовни потреби, но дефинира и улоги и одговорности на сите чинители во животот на училиштето во рамките на тој процес.
- Донесена е Концепт за развивање системи за образование од далечина во основните и средните училишта. Преку овој документ се цели правење на неопходните промени и адаптација на образовниот процес кој треба да одговори на осовременување и одговарање на предизвиците на денешницата.
- Концептот за државно тестирање во основното образование цели обезбедување на квалитет и зголемување на ефикасноста согласно меѓународните стандарди за образование.
- Со Концепцијата за реализација на воннаставните активности се цели реализирање на активности согласно развојните потреби на учениците со цел училиштето да биде место за социјализација и привлечна средина за учење, нудејќи содржини комплементарни на редовната настава.

Врз основа на претходно наведените Концепции, на ниво на држава донесени се и Закони кои директно влијаат на подобрување на воспитно – образовната дејност, кои согласно новата концепции ја актуелизираат и уредуваат потребата од соодветен начин на регулирање на правата и обврските на сите чинители во животот на училиштето:

- Закон за основно образование ( Службен весник на РСМ бр. 161 / 19 и 229/ 20)
- Закон за учебници во основното и средно образование – кој цели осовременување на начинот на кој учениците имаат достап до информација и знаења.
- Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење со цел директорите како менаџери на воспитно – образовните институции да се стекнат со потребните професионални компетенции за успешно организирање, раководење на воспитно-образовната работа и администрирање на работата во училиштето.
- Закон за просветна инспекција - опфаќа надзор на квалитетот на образовниот процес и ефективноста преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи како и вршење надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието.
- Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, кои цели кон уредување на условите на вршење на професијата како и начините за усовршување и напредување.

Во рамките на законската регулатива, донесени се повеќе програми, правилници и измени и дополнувања на веќе постоечките такви, кои прецизно дефинираат правила за начинот на реализиацција на тестно специјализирани области од воспитно-образовната дејност:

- Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи на - образовниот и личниот асистент,
- Правилник за начинот на формирање на комисија и нивниот број, проценување на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на

звањето наставник – ментор, наставник советник, бодирање на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите,
- Програма и Каталог за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2021 год.

**5.3. Меѓународни фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години:**

Училиштето соработува со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес. Училиштето од 2018 година активно е вклучено во Еразмус+ проектите.

Со имплементацијата на овој проект им се овозможува на учениците да се запознаат со вредностите на професионалните квалификации, да се стекнат со вештини за да можат да ги одберат своите професионални определби, да ги препознаат особеностите и корисноста во општеството.

СВОТ анализа

| **Предности (силни страни) на училиштето** |
|---|
| ➢ Навремено изготвување на Самоевалуација на училиштето;<br>➢ Навремено изготвување и донесување на Развојна програма за четири години и Годишната програма со која се планира целокупната дејност на училиштето;<br>➢ Навремено изготвување на годишни, глобални и тематски планирања на наставниците;<br>➢ Во своите планирања наставниците имаат критериуми и стандарди за оценување;<br>➢ Во своите планирања наставниците имаат интегрирани содржини за еколошка едукација;<br>➢ Во своите планирања наставниците имаат интегрирани содржини за МИМО<br>➢ Изготвување на тематско-процесно планирање;<br>➢ Изготвување на дневни подготовки;<br>➢ Водење педагошка документација, главни книги и Е-дневник;<br>➢ Активно учество на учениците во воннаставни активности,секции, акции;<br>➢ Вклученост на сите ученици од различен пол и националност;<br>➢ Тимска работа на наставниците;<br>➢ Редовно информирање на родителите за напредокот на учениците;<br>➢ Целосна реализација на дополнителната настава и додатна настава;<br>➢ Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите;<br>➢ Следење на современи текови во образованието;<br>➢ Редовно посетување на семинари и други форми на стручно усовршување;<br>➢ Наставниците употребуваат ИКТ во наставата;<br>➢ Формиран е Инклузивен тим кој ќе работи со деца со ПОП и Инклузивен тим за ученик;<br>➢ Наставниците имаат ист третман кон учениците без разлика на полот и етничката припадност.<br>➢ Наставниците користат разновидани форми и методи на работа кои на учениците им овозможуваат подобро совладување на наставните содржини;<br>➢ Учениците редовно се информирани за оцените и поведението; |

- Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите;
- Учество на регионални и државни натпревари на кои учениците имаат освоено бројни награди и солидни резултати
- Учениците добиват помош во изборот на нивното понатамошнон образование
- Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението, развојот и напредокот на учениците;
- Нашето училиште има добра соработка со локалната самоуправа со стопанските субјекти од општината и пошироко, како и со невладините организации и медиумите;
- Училишниот одбор чии членови имаат добра соработка и разбирање, во полн состав редовно ги извршува своите обврски;
- Советот на родители функционира солидно и се состанува редовно;
- Конструктивна соработка помеѓу раководството и наставниот кадар;
- Редовно информирање за одлуките во училиштето;
- Училиштето е отворено за соработка со родителите
- Реализација на отворени денови со родителите;

Учество во проекти од Erazmus + програмата

**Слабости(слаби страни) на училиштето**

- Слаба соработка со одреден број на родители (пред се на ученици кои нередовно доаѓање на училиште и ученици со послаб успех) и покрај тоа што училиштето презема низа на активности со цел подобрување на соработката (писмени покани до родители, телефонски повици, посета на домот).
- Зголемување на бројот на неоправдани изостаноци кај ученици;
- Поради континуирано отсуство од настава и одделенските испити 2 ученици го повторија одделението.
- Не сите наставници имаат посетено доволен број обуки и семинари за работа со ученици со посебни образовни потреби;
- Забележано е се помало присуство на родителите на родителски средби и ангажираност во работата на училиштето.
- Потреба од реновирање на тоалетите во училиштето.
- Миграција на ученици од ромска националност и враќање во училиштето, од што произлегуваат одделенски испити, како и останување на учениците во одделението кое не го завршиле.
- Непочитување на постоечката реонизација од родители на првачиња.

**Можности(прилики) што произлегуваат од работата за училиштето**

- Солидна професионална подготвеност на наставниот кадар кој може да се потикне и подржи во поактивно вклучување во изработувањето наставни програми.
- Училишна политика и практика и спремност на наставниците за прифаќање и инклузија на ученици со посебни образовни потреби. Планирање на реализација на насоки од Концепцијата за инклузивно образование
- Насоченост на училиштето и наставниците кон максимално користење на постојната опрема и нагледни средства, и настојување за изнаоѓање начини за постојано доопремување, како и доекипирање на училиштето со потребниот кадар.
- Посветеност на училиштето кон постојано унапредување, осовременување и изнаоѓање на нови начини за комуникација и односи со јавноста.
- Училиштето настојува постојано да ја унапредува и подобрува училишната клима и соработката со родителите и учениците во надминување на емоционалните проблеми на учениците.
- Постојана спремност и подготвеност и заложби на училиштето за подобрување на соработката со родителите и локалната средина.

| Закани, пречки(опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште |
| --- |
| ➢ Постојните практики и начини на организирање на процесите на изработување на наставни програми, во кои помал број наставници од праксата, а и родители се вклучени. Големата ангажираност со работни и секојдневни обврски на родители оневозможува нивно поактивно вклучување во изработувањето на наставни програми. Недоволно финансиски средства за набавка на современа информатичка опрема.<br>➢ Недоволна солидна едуцираност на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br>➢ Недоволно материјални средства и извори за обезбедување на стручна литература и наставни средства кои ќе соодветствуваат со современите наставни текови и постојните потреби на наставата и воспитно образовниот процес. Недоволно материјални средства и извори за обезбедување опрема за деца со посебни потреби.<br>➢ Недоволно финансиски средства и извори за стручно усовршување на кадарот. Недоволно материјални средства и извори за обезбедување информатички и технички средства за квалитетно одржување на наставата.<br>➢ Постоење на затвореност и неподготвеност на родителите за соработка и навремено откривање и решавање на емоционалните проблеми на учениците<br>➢ Големата ангажираност со работни и секојдневни обврски на родители оневозможува нивно поголемо присуство во работата на училиштето. |

## 6. Мисија и Визија

Нашето училиште е современо училиште, постојано се опремува со нови нагледни средства коишто се корисни за квалитетот на наставата, наставниците професионално се усовршуваат и ги стимулираат учениците за постигнување поголеми резултати, за да изградат систем од вредности, морален кодекс и трајни применливи знаења.



**МИСИЈА**

Училиште според потребите на учениците во кое се стимулира индивидуалниот развој на секој ученик, како и активна соработка помеѓу наставниците, учениците и родителите.

**Мото на училиштето:**

**Секое дете може да биде добар ученик.**



**ВИЗИЈА**

Училиште во кое ќе создаваме безбедна и
современа средина во
која сите ќе бидат мотивирани за остварување на
високи резултати,
како и толеранција и хармонија помеѓу учениците, почитување
на различностите,
одговорност и грижа кон животната средина.

7. *Стратешка цел 1.Подобрување на просторните и материјалните услови за работа*

**Развојна цел: 1.1. Промена на подот во училиштето**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Промена на подот во училиштето во сите простории каде е оштетен, секоја година најмалку во 5 простории** | 1. Изготвување на Техничка спецификација од страна на стручно лице<br>2. Спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН<br>3. Реализирање на целта | Директор, Комисија за јавна набавка, Овластено лице за спроведување на Јавни набавки, Фирма изведувач; Локална самоуправа | Обезбедување функционалност на училишната зграда | Извештаи, планирања, технички спецификации, градежна книга | 2022/2026 |

**Развојна цел: 1.2.Реновирање на тоалетите во училиштето**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реновирање на тоалетите во училиштето** | 1. Изготвување на Техничка спецификација од страна на стручно лице<br>2. Спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН<br>3. Реализирање на целта | Директор, Комисија за јавна набавка, Овластено лице за спроведување на Јавни набавки, Фирма изведувач; Локална самоуправа | Обезбедување функционалност на училишната зграда | Извештаи, планирања, технички спецификации, градежна книга | 2022/2026 |

**Развојна цел: 1.3. Промена на подлога на надворешно спортско игралиште**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Промена на подлога на надворешно спортско игралиште** | 1. Изготвување на Техничка спецификација од страна на стручно лице<br>2. Спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН<br>3. Реализирање на целта | Директор, Комисија за јавна набавка, Овластено лице за спроведување на Јавни набавки, Фирма изведувач; Локална самоуправа | Обезбедување функционалност на училишната зграда | Извештаи, планирања, технички спецификации, градежна книга | 2022/2026 |

**Развојна цел: 1.4. Пренамена на просторија во кујна**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пренамена на просторија во кујна** | 1. Изготвување на Техничка спецификација од стручно лице<br>2. Склучување на договор за изведување на работи со економски оператор без спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН, поради ниската вредност на договорот (до 5 000 илјади евра за работи не се спроведува ЈН, член 40 од законот за ЈН)<br>3. Реализирање на целта | Директор, Секретар, Фирма изведувач; Локална самоуправа | Обезбедување функционалност на училишната зграда | Извештаи, планирања, технички спецификации | 2022/2026 |

**Развојна цел: 1.5. Топол внатрешен премин за влез во спортска сала**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Топол внатрешен премин за влез во спортска сала** | 1. Изготвување на Техничка спецификација од страна на стручно лице<br>2. Склучување на договор за изведување на работи со економски оператор без спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН, поради ниската вредност на договорот (до 5 000 иљади евра за работи не се спроведува ЈН, член 40 од законот за ЈН)<br>3. Реализирање на целта | Директор,<br>Секретар,<br>Фирма изведувач;<br>Локална самоуправа | Обезбедување функционалност на училишната зграда | Извештаи, планирања, технички спецификации, | 2022/2026 |

**Развојна цел: 1.6. Надворешна ограда на спортското игралиште**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Надворешна ограда на спортското игралиште** | 1. Изготвување на Техничка спецификација од стручно лице<br>2. Склучување на договор за изведување на работи со економски оператор без спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН, поради ниската вредност на договорот (до 5 000 иљади евра за работи не се спроведува ЈН, член 40 од законот за ЈН)<br>3. Реализирање на целта | Директор,<br>Фирма изведувач,<br>Училишен одбор | Обезбедување функционалност на училишната зграда | Извештаи, планирања, технички спецификации, | 2022/2026 |

**Развојна цел: 1.7. Доградба на помошен простор за складирање на огревен материјал**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Доградба на помошен простор за складирање на огревен материјал** | 1. Изготвување на Техничка спецификација од страна на стручно лице<br>2. Спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН<br>3. Реализирање на целта | Директор, Комисија за јавна набавка, Овластено лице за спроведување на Јавни набавки, Фирма изведувач; Локална самоуправа | Обезбедување функционалност на училишната зграда | Извештаи, планирања, технички спецификации, градежна книга | 2022/2026 |

**Развојна цел: 1.8. Пренамена на просторија од магацин во просторија за бибилиотека**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пренамена на просторија од магацин во просторија за библиотека** | 1. Изготвување на Техничка спецификација од страна на стручно лице<br>2. Спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН<br>3. Реализирање на целта | Директор, Комисија за јавна набавка, Овластено лице за спроведување на Јавни набавки, Фирма изведувач; Локална самоуправа | Обезбедување услови за чување на лентири и друга стручна литература, како и можност учениците да користат читална. | Извештаи, планирања, технички спецификации | 2022/2026 |

**Развојна цел: 1.9. Безбеден и уреден двор, надворешна училница, место за оброк на учениците**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на условите, унапредување на наставата и безбедноста на училишетето | Обезбедување на средства за озеленување на дел од училишниот двор, урбана опрема за отворена училница и опрема за оброк и дружење на учениците | Физички и човечки ресурси | Обезбедени финансиски средства и отпочнување на реализацијата на проектот за уреден и безбеден двор | Проект-план Договор со фирма изведувач | 2022/2026 |

**Развојна цел: 1.10. Промена на внатрешни врати**

| Конкретни цели | Активно сти | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Уреден изглед на училиштето и подобрени услови на работа преку промена на оштетените врати внатре, во училниците | Анализа на фактичката состојба и обезбедување на потребниот буџет | Физички и човечки ресурси | Успешна анализа на состојбата и обезбедени средства Потпишан договор за изведба и промена на старите врати со нови во дел од училниците во училиштето | Договор за изведба | 2022/2026 |

## Стратешка цел 2.Подобрување на квалитетот на работењето на училиштето

### Развојна цел 2.1. Обезбедување на наставни помагала и средства за спроведување на новите наставни програми

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување на наставни помагала и средства за спроведување на новите наставни програми** | 1.Анализа на потребите од наставни средства и помагала<br><br>2. Формирање тим за избор на најсоодветна понуда за набавка на наставни средства и помагала<br><br>3. Изготвување на Техничка спецификација од страна на стручно лице<br><br>4. Спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН<br><br>5. Реализирање на целта | Директор, Комисија за јавна набавка, Овластено лице за спроведување на Јавни набавки, Фирма изведувач; Локална самоуправа | Потигнување повисоки резултати кај учениците; Поголема концентрација и заинтересираност за учење преку наставни средства и помагала; | Увиди, извештаи од следење на наставата | 2022/2026 |

**Развојна цел: 2.2. Имплементација на новата наставна програма**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на наставниците во имплементација на новата наставна програма и истакнување на нивната креативност и вештина** | 1.Анализа на работата на наставниците при имплементација на новата наставна програма<br>2. Консултативни разговори со цел за подобро реализирање на програмата<br>3.Реализирање на јавни часови со цел на истакнување на практични решенија за некои потешкотии<br>4.Следење на учениците за прифатливоста на програмата<br>5.Реализирање на целта | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Тим од наставници<br>Предавачи, едукатори | Обезбедување квалитетна настава за учениците и наставниците со употреба на ИКТ, истражувања, проекти и сл. | Евидентни листови, дневни подготовки, програми за работа, планирање на наставата, извештаи. | 2022/2026 |

**Развојна цел: 2.3. Намалување на бројот на неоправдани изостаноци на учениците**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временска рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Континуирано следење на сите ученици, а особено на онаа категорија на ученици која нередовно ја посетува наставата** | 1. Изготвување на формулар за наставници за евиденција на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата;<br>2. Откривање на учениците кои поради неоправдани причини често отсуствуваат од настава. | Формулари за евиеднтирање на изостаноци;<br><br>Човечки ресурси | Навремено откривање на категоријата на ученици кои нередовно посетуваат настава а немаат оправдана причина | Формулар за евиденција на изостаноци;<br><br>Формални и неформални разговори со наставници (одделенски раководители) | 2022/2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индивидуални и групни разговори и работилници со учениците кај кои е евидентирано нередовно посетување на настава, како и советување на родители на тие ученици** | 3.По направената евиденција на изостаноците, ќе се формират групи за советување на ученици кои имаат голем број на неоправдани изостаноци, со кои ќе се разговара за подобрување на редовноста<br><br>4. Индивидуални разговори со ученици по потреба;<br><br>5. Групни советувања на родители чии деца имаат зголемен број на неоправдани изостаноци | Формални и неформални индивидуални средби и групни средби и работилници со ученици и со родители | Подобрување на редовноста на учениците кои имале голем број на неоправдани изостаноци | Формулари за присуство | 2022/2026 |
| **Подготовка на извештаи (тромесечие, полугодие, крај) со посебен осврт на неоправданите изостаноци според следењето на учениците** | По секое изминат период на следење и активности преземени за превенција од појава на неоправдани изостаноци и намалување на неоправданите изостаноци се изготвува извештај и споредбена анализа | Техничка опрема<br><br>Човечки ресурси | Намалување на бројот на неоправданите изостаноци за 10 % | Извештај | 2022/2026 |

**Развојна цел: 2.4.Набавка на компјутерска опрема за потребите на училиштето**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавка на компјутерска опрема за потребите на училиштето** | 1. Изготвување на Техничка спецификација од страна на стручно лице<br>2. Спроведување на Јавна набавка преку системот на ЕСЈН<br>3. Реализирање на целта | Директор, Комисија за јавна набавка, Овластено лице за спроведување на Јавни набавки, Фирма изведувач; Локална самоуправа | Обезбедување квалитетна настава за учениците и наставниците со употреба на ИКТ, истражувања, проекти и сл. | Евидентни листови, дневни подготовки, програми за работа, планирање на наставата, извештаи. | 2022/2026 |

**Развојна цел: 2.5. Опремување на кабинети по природни науки, биологија и хемија**

| Конкретн и цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опремување на кабинети по природни науки, биологија и хемија** | 1.Изготвување на листа од наставни средства и помагала<br>2. Спроведување на постапка за јавна набавка<br>3.Реализирање на целта | Директор, Секретар, Стручни соработници, Наставници | Обезбедување квалитетна настава за учениците и наставниците во кабинетите по природни науки, биологија и хемија. | Извештаи, планирања, технички спецификации, | 2022/2026 |

**Развојна цел: 2.6. Збогатување на библиотеката со библиотечен фонд и стручна литература**

| **Конкретни цели** | **Активности** | **Носители на активност** | **Индикатори за успех** | **Инструменти за следење од тимот** | **Временск рамка за реализација** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Зголемување на библиотечниот фонд а преку тоа зголемување на квалитетот на настава и работата на библиотеката** | 1. Анализа на фактичката состојба - постоечката литература во библиотеката (лектирен фонд и стручна литература) со која располага моментално библиотектата<br>2.Изработка на список за потребната литература за набавка<br>3.Прибирање на понуди од издавачки куќи<br>4. Порачување на потребнаата литература (лектирен фонд и стручна литература) | човечки ресурси – состанок и записник од анализата<br>човечки ресурси – список со потребната литература<br>Понуди од издавачки куќи<br>Договор за испорачка со одререни издавачки куќи | Реална количина на книги во библиотека<br>Информации за потребниот тираж<br>Избрани најповолни понуди од издавачки куќи според цена и потребна литература<br>Збогатен библиотечен фонд | Меморандум /договор<br>понуди<br>Документи | 2022/2026 |

**Развојна цел: 2.7. Опремување на спортска сала со реквизити**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опремување на сала со спортски реквизити** | 1. Состаноци помеѓу директорот и набавувачот за отпичнување постапкаа | Директор, Локална самоуправа, секретар | Обезбедување квалитетна настава по ФЗО за учениците | Извештаи, планирања, технички спецификации | 2022/2026 |

**Развојна цел: 2.8. Обезбедување на просторија за работа за стручен соработник-специјален едукатор и рехабилитатор**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување на просторија за работа за стручен соработник-специјален едукатор и рехабилитатор** | 1. Анализа од потребата од посебна просторија за работа на специјален едукатор и рехабилитатор<br>2. Ослободување на просторијата која се користи како библиотека со префрлување на библиотечниот фонд во нова просорија,<br>3.Реализирање на целта | Директор, специјален едукатор и рехабилитатор, Технички персонал | Обезбедување на квалитетна настава за учениците со ПОП, Продлабочување на знаењата и квалитетната настава | Извештаи, планирања, технички спецификации, градежна книга | 2022/2026 |

## Стратешка цел 3. Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар

**Развојна цел: 3.1. Обука на сите наставници за професионалн усовршување (семинари по соодветните предмети)**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да се обучат сите наставници по соодветните предмети за нови методи и техники за реализирање на наставните содржини** | 1.Анкетирање на наставниците за потребите од обуки за нивно усовршување<br>2. Спроведување на обука<br>3.Дисеминација на стекнатите знаења во наставата и работата со учениците<br>4. Вклучување на стручни лица во наставата како припомош на наставниците<br>5.Извештај за сите спроведени активности | Директор, БРО, МОН, Наставници Стручни соработници. | Поквалитетна настава преку следење на новитети од областа на образованието и науката, зголемување на квалитетот на наставата, градење на тимски дух, позитивна клима меѓу вработените. | Професионални досиеа на наставници и стручни соработници; Записници од увиди на час; Протоколи за следење; | 2022/2026 |

**Развојна цел: 3.2 Обука на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да се обучат наставниците за работа со деца со ПОП** | 1.Спроведување на обука<br>2. Дисеминација на стекнатите знаења во наставата и работата со учениците<br>3.Следење на реализацијата<br>4.Извештај за сите спроведени активности | Директор,<br>Вработени<br>Стручни соработници. | Поквалитетна настава за ученици со ПОП;<br>Усовршување при изработка на ИОП;<br>Соодветен пристап кон учениците со ПОП;<br>Создавање позитивна клима во училница помеѓу соучениците и наставниците;<br>Ревизија на ИОП. | Професионални досиеа на наставници и стручни соработници;<br>Записници од увиди на час;<br>Протоколи за следење; | 2022/2026 |

**Развојна цел: 3.3 Обука на наставниците за изработка на проекти**

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да се обучат наставниците за изработка на проекти** | 1.Анализа на проекти кои би сакале да се реализираат во училиштето<br>2.Спроведување на обука и работата со учениците<br>3. Дисеминација на стекнатите знаења во наставата и работата со учениците<br>4.Следење на реализацијата<br>5. Извештај за сите спроведени активности | Директор, Наставници Стручни соработници Обучувачи. | Поквалитетна настава, зголемена способност за апликација во разни проекти и вклучување во истите; | Професионални досиеа на наставници и стручни соработници;<br>Записници од увиди на час;<br>Протоколи за следење; | 2022/2026 |

Развојна цел: 3.4 Продлабочување на соработката на наставниците и родителите

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временск рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Продлабочување на соработката на наставниците и родителите преку редовни родителски средби,обуки предавања и активности во училиштето** | 1.Анкетирање на родителите<br>2.Спроведување на обуката<br>3.Спроведување на предавања<br>4.Зголемување на бројот родители во училишни активности<br>5.Предавања соодветни на возраста на децата | Директор,<br>Наставници<br>Стручни соработници<br>Обучувачи.<br>родители | Поголема соработка помеѓу наставниците, стручните активи и другите вработени во училиштето со родителите | Записници од родителски средби, Извештаи од предавања и обуки на родители со вклучување во работата на училиштето. | 2022/2026 |

Развојна цел: 3.5 Изработка на програма и стратегија за професионален развој на наставниците

| Конкретни цели | Активности | Носители на активност | Индикатори за успех | Инструменти за следење од тимот | Временска рамка за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на програма и стратегија за професионален развој на наставниците | 1. Идентификување на потребите, изработка на програма и стратегија за професионалниот развој на наставниците со јасни цели и приоритети во стручното усовршување на наставниот кадар во однос на работењето со ученици со потешкотии во учењето и | Физички и човечки ресурси – покани од обуки од областа на работа со ученици со посебни потреби, списоци од обуки, потврди,сер тификати | Успешно завршени обуки кој ги задоволуваат интересите на наставниците | План за личен професионале н развој на секој наставник<br><br>Анкети, прашалници, формални и неформални разговори | 2022/2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ученици со посебни образовни потреби<br><br>2. Обезбедување на средства за финансиска подршка на наставниот кадар за учества на обуки,конгреси, семинари и други професионални манифестации.<br>3. Примена на здобиените знаења и вештини здобиени од поминатите обуки во наставата<br>. | | | |

**Развојна цел: 3.6 Подготовка на ажурирани портфолија за професионалниот развој на наставници и наставници – приправници**

| **Конкретни цели** | **Активности** | **Носители на активност** | **Индикатори за успех** | **Инструменти за следење од тимот** | **Временска рамка за реализација** |
|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на ажурирани портфолија за професионалниот развој на наставници и наставници – приправници | 1. Наставниците подготвуваат портфолија за нивниот професионален развој и напредок.<br>2. Педагошката служба води уредна евиденција за активностите спроведени од страна на наставниците и се дел од нивното перманентно стручно усовршување | Ажурирани портфолија кои ги содржат сертификатите на наставниците за поминатите обуки за Стручниот и професионалниот напредок на наставникот | Конкретни резултати од секоја активност внесени во портфолиото апишани во графијата на ставникот. | Професионални досиеа на наставници и стручни соработници;<br>Записници од увиди на час;<br>Протоколи за следење; | 2022/2026 |

## 8. Соработка на основното училиште со родители/старатели

Училиштето соработува со родителите на учениците на различни начини: редовни родителски средби, индивидуални средби со родителите во приемните термини на наставниците како и во отворените денови и сл. На овие средби се разгледуваат прашања кои се врзани со училишниот живот на учениците: наставните програми, начинот на организација на работата во училиштето, успехот на учениците, активности и проекти кои ги реализираат учениците и сл. Родителите во животот и работа на училиштето учествуваат во давање предлози, идеи и донесување одлуки, преку посебни тела, како Советот на родители и членување во Училишен одбор, комисии на училиштето и сл. Во програмата за работа на Советот на родители е наведено како да се зајакнат капацитетите на дејствување на родителите во животот и работата на училиштето (дефекти и поправки на инвентарот, подобрување на условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите).

Распоред за приемен ден на наставниците за средба со родители во ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа се изработува на почетокот на учбната година.

Соработката помеѓу училиштето и родителите/старателите е многу значајна затоа што помага во јакнењето и градењето на добри партнерски односи. Постојат различни начини на соработка:

### 8.1. Индивидуални разговори со родителите

Ги запознаваме ставовите и размислувањата на родителите поврзани со воспитанието и образованието на нивните деца.

Собираме информации за развојот и животот на ученикот во семејството.

Ги информираме родителите за резултати и постигнувања од работата и постигнувањата ученикот за време на наставата и неговото однесувањето во училиште.

Ги запознаваме родителите со можностите за примена на постапки за развој на детето преку поттикнување, осамостојување, создавање и развивање.

Ги запознаваме со усогласеноста во однос на постигнувањата и постапките.

Разговораме за примена на соодветни постапки во семејното воспитување.

### 8.2. Родителски состаноци на одделението

Овие состаноци се групни и се организираат повеќепати во текот на една учебна година. Во однос на организацијата на состанокот треба да се одреди време и тема. Во однос на повикувањето, односно информирањето на родителите за состанок треба да се одреди дали тоа ќе биде писмено (со покана), телефонски или усно преку нивното дете.

Во однос на темата и изборот на оние кои ќе го реализираат состанокот, се избираат актуелни теми поврзани со училиштниот живот, а рализатори на состанокот може да бидат одделенскиот раководител, други наставници, директорот, претставници од стручната служба итн.

Педагошки работилници на кои родителите преку забавен и поучен начин ќе бидат запознати за воспитно-образовниот живот во училиштето.

**8.3. Советување на родителите, предавања, трибини**

Правилно насочување на родителите за консултации со релевантни стручни служби воучилиштето и надвор од него.

Информирање и правилно насочување на родителите за можни советувања поврзани со воспитанието и образованието во организација на училиштето, општината, образовни институции кои работат под Министерството за образование и наука, советувања во организација на невладини организации.

**8.4. Посета на родителите на училиштето и запознавање со истото**

- Родителите треба да го познаваат училиштето и условите каде учат нивните деца, а тоа подразбира:
- Родителите да ги познаваат просториите каде нивните деца секојдневно поминуваат половина од денот.
- Изнаоѓање прифатливи и интересни форми на соработка на родителите и училиштето.
- Посета на училиштео по повод патрон празник и други јавни манифестации организирани од страна на училиштето.

**8.5. Заеднички активности и проекти**

Добра соработка помеѓу родителите и наставниците се остварува и преку планирање и реализирање на заеднички активности. Планирањето и реализирањето на заедничките активности со цел нивно зближување може да се манифестира преку: работилници, уредување на училиштниот двор и училишните простории, организирање на разни приредби и свечености, предавања организирани во училиштето, заеднички излети итн.).

**8.6. Посета на наставниците во домовите на учениците**

Посетата на домовите на учениците е честа појава. Истата се реализира во исклучителни случаи, посебно кога станува збор за согледување на условите за живот на ученици кои припаѓаат на маргинилизираните и социјално загрозените групи ученици и законски, кога учениците во одреден временски период не посетуваат редовна настава.

Посетите најчесто се реализираат од страна на одделенските раководители и стручните соработници..

Пред посетата потребна е подготовка и јасно дефинирани цели на посетата.

Посетата реализирана од претставник или претставници од училиштето во домот на ученикот испраќа јасна порака на родителите и ученикот дека тие се нивни цврсти соработници и пријатели.

Главната задача во соработката со родителите е усогласување на воспитното и образовното делување со цел најдобар раст и развој на ученикот.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

### 9.1. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиштето

Комуникацијата со јавноста училиштето ќе ја остварува преку најразлични облици на информирање. Информациите кои ќе бидат пратени во писмена форма ќе бидат приложени во училишната документација. Начинот на комуникација ќе се остварува преку следните подрачја:

- Локална заедница
- Институции од областа на културата
- Институции од областа на образованието
- Невладини организации
- Спортски друштва
- Здравствени организации
- Медиуми

Современите општествени тенденции, како и континуираните промени карактеристични за модерното општество наметнуваат конзистентни, видливи и јасни принципи и во процесот на образованието. Комуникацијата и односите со јавноста претставуваат значаен сегмент од работата на едно современо, отворено училиште.
Воспитно-образовниот процес сам по себе е чин на овладување со културните и цивилизациски текови, овладување со одреден систем на вредности, морални норми, елементарни научни спознавања, форми на уметничко изразување, научен и уметнички јазик, технологија, како и содржина на користење на слободното време. Затоа нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница во соработка со локалната самоуправа, претставници на бизнис заедниците, воспитно-образовните установи, невладинте организации, како и со институциите од областа на културата, на тој начин директно формирајќи, презентирајќи и промовирајќи имиџ на училиште на 21 век.

Училишната средина е одраз на животот на една заедница. Нашето училиште е насочено кон вклучување на органите на локалната самоуправа, семејствата и на претставници од бизнис заедницата во процесот на настава, поттикнувајќи го на тој начин развојот на партнерство со заедницата, играјќи ја улогата на директен посредник во тој процес. Училиштето создава услови, органите на локалната самоуправа, јавните институции и приватниот сектор, поединците и групите од локалната заедница да бидат дел од процесот на образование кое нема да се одвива само во училиштата, туку во рамките на целата заедница. Преку непосредно искуство, со вклучување во заеднички активности, работилници, проекти, семејствата, вработените во училиштето, установите и другите членови на заедницата може да ја почувствуваат личната одговорност во процесот на донесување одлуки кои ќе влијаат врз животот на нивните деца, а со тоа и на сите во локалната средина.

## 9.2. Институции од областа на културата

Културата е систем на знаења, верувања, уметност, морал, право, обичаи и други способности, умееења и навики кои човекот ги стекнува континуирано во текот на целиот живот.Таа е темел на општеството и нејзиниот опстанок надвор од него е невозможен и неостварлив.

Училиштето обебедува перманентен развој на културните и традиционални вредности кај детето уште од најрана возраст,притоа ставајќи акцент на креирање и негување на истата преку учество во различни манифестации,натпревари и конкурси, следење театарски претстави, посета на културно историски споменици,изложби и сл.во организација на Институциите на културата од локалната средина :Дом на култура „Иван Мазов –Климе“,Градска библиотека „Феткин“Музеј на град Кавадарци,Музеј на вкус и мирис, Вински музеј.

## 9.3. Институции од областа на образованието

Нашето училиште ги следи и е во постојан чекор со европските образовни трендови, водејќи се од целта издигање на здрави, самостојни генерации, кои во глобалното општество ќе можат да се соочат со сите предизвици кои им претстојат. Соработката со образовните институции го подобрува квалитетот на воспитно-образовниот процес и ја насочува и унапредува воспитно-образовната практика.

Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна), преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари, работилници, хепенинзи, квизови на знаења,приредби, спортски натпревари, турнири, еколошки и хуманитарни акции . Институции од областа на образованието со кои ќе соработува училиштето следната година се:Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат,Државен испитен центар, Државниот сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта, факултети и др.

## 9.4. Институции од областа на безбедност во сообраќајот

Нашето училиште има соработка со Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и редовно се одржуваат сообраќајно едукативни активности за децата под мотото **–** „ Внимавајте на децата во сообраќајот! Детската љубов нема граници, детскиот живот нема цена! Исто така ученици од нашето училиште секоја година учествуваат и на квиз-натпреварот за познавање на сообраќајните правила и прописи - "БИДИ БЕЗБЕДЕН" во организација на РСБСП и постигнуваат солидни резултати.

## 9.5. Невладини организации

Предвидена е соработка и со различни невладините организации: Детска амбасада, СОС- центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др.

Едукацијата на учениците со различни специфичности во целост се подразбира како процес преку кој училиштето одговора на сите ученици како индивидуи со обезбедување на соодветните потреби преку соработка, поддршка и спроведување на активности со Сојуз на лица со инвалидност, Сојуз за спорт и рекреација на лица со инвалидност, Црвен Крст на општина Кавадарци, вклучувајќи ги сите ученици во манифестации, настани, приредби и во училиштето и надвор.

## 9.6. Спортски друштва

Спортот и физичко образование се од фундаментално значење за раниот развој на децата и учениците, бидејќи придонесуваат во холистичкиот развој на индивидуата. Во таа насока се гради систем на вредности како што се: чесност, тимска работа, фер игра, почитување на себе и на другите, почитување на правилата, развивање способности за справување со конкуренцијата, со победата и поразот. Затоа за современо образование ќе говориме дотолку, доколку образованието го носи епитетот образование за градење здрав животен стил затоа што со информирањето за значењето на секојдневното телесно вежбање, правилна исхрана, лична хигиена, спортување во здрава и чиста околина, воспитно се влијае на формирањето на навиките за унапредување на здравјето, а со тоа и на работната продуктивност и квалитет на животот. Училиштето предвидува низа активности со спортските друштва од општината: ФК „Тиквеш“, ФК „Габер“, Клуб за гиманстика за деца „Партизан, “Карате клубови, Џудо клуб „Кожувчанка“, ФК Спортисимо, КК„Фени“ и спортските клубови на општинските, регионалните и државните основни училишта, кои активности позитивно ќе влијаат на социјалниот и морален развој на детето и кои се во прилог на развој на физичките вештини и способности.

## 9.7. Здравствени организации

Поагајќи од фактот дека здравјето е сложен феномен тесно поврзан со образованието, една од целите на основното образование е развивање свест и грижа кај учениците за сопственото здравје која се постигнува со: унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување на учениците за превземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на околината и природата како и со создавање поволна училишна клима и услови за физичка и психолошка безбедност на ученикот во училиштето.

Во училиштето се реализираат разновидни вонnаставни активности во областа на унапредувањето на здравјето на децата со цел задоволување на индивидуалните интереси и развивање на способностите за заедничка работа. Овие активности се на различна тема како начини на живеење, исхрана, заштита од опасности од употреба на дрога, пушење, алкохол, сида, а се реализираат во соработка со ЈЗО Здравствен дом Кавадарци, Детски диспанзер за орално здравје-Кавадарци, приватни здравствени и стоматолошки ординации од општина Кавадарци.

### 9.8. Медиуми (со цел на промоција на училиштето)

Модернизацијата на образованието подразбира и транспарентност и јавност на работата на училиштето за членовите на локалната заедница. Училиштето има професионално организирано претставување и афирмирање преку медиуми , доближувајќи ја на тој начин својата работа и активностите на учениците до локалната заедница.

Предвидена е соработка со повеќе печатени и електронски медиуми: Регионалните телевизии КТВ и РТК, Националните телевизии МТВ, Сител ТВ, списанијата за деца и млади: Развигор, Другарче, Наш свет, Општински весник.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

| **Приоритетни подрачја за следење (стратешки цели)** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1 Подобрување на просторните и материјалните услови за работа** | Тековни увиди во обезбедувањето поголема функционалност на училишната зграда.<br>Следење на динамиката на изградбата и реконструкцијата на простории во училишната зграда<br>- записници, извештаи | Комисија за следење и евалуација на годишната и развојната програма | Училишен одбор<br>Совет на родители,<br>Локална самоуправа |
| **Стратешка цел 2 Подобрување на квалитетот на работењето на училиштето** | Следење на обезбедувањето на наставни помагала и средства за спроведување на новите наставни програми;<br>Обезбедување квалитетна настава за учениците и наставниците со употреба на ИКТ, истражувања, проекти и сл.<br>Збогатен библиотечен фонд и сл.<br>- записници, извештаи | Комисија за следење и евалуација на годишната и развојната програма | Училишен одбор<br>Совет на родители,<br>Локална самоуправа |
| **Стратешка цел 3 Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар** | - Увид професионалните досиеа на наставниците, увид во нивната работа;<br>- увид во соработка со родителите,<br>- протоколи за следење на часови/активности,<br>- дискусии / прашалници<br>- записници / извештаи | Комисија за следење и евалуација на годишната и развојната програма | Училишен одбор<br>Совет на родители,<br>Локална самоуправа |

## 11. Евалуација на развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на развојната програма ќе се врши во период од четири години, односно со изготвување на извештај за работа на истата. Евалуацијата ќе се следи преку следните техники и истражувачки постапки:

- Интервјуа со наставници, ученици, родители, други субјекти;
- Анкети со наставници, ученици и родители;
- Следење на условите за работа, активностите на учениците, мотивација на наставниците и учениците при реализација на предвидените содржини,
- протоколи за следење на часови/активности,
- дискусии, записници, извештаи и слично

Евалуацијата е наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, Локалната заедница, МОН, БРО и други.

Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето да ги планираме.

Евалуацијата ќе ја врши комисијата за Развојната програма за работа на училиштето во соработка со наставниците, Совет на родители, Училишниот одбор и Локалната заедница.

## 12. Заклучок

Како заклучок можеме да резимираме дека Развојната програма е документ кој е клучен за реализација на воспитно-образовниот процес и служи како основа преку индикаторите за мерење на успешноста во реализацијата на активностите планирани за период од 2022/2026 година.

Со цел изработување на Развојната програма на ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа, се пристапи кон разгледување на извештаите од спроведените самоевалуации во училиштето во период од две учебни години, 2019/2020 и 2020/2021 година, резултатите од последната интегрална евалуација од страна на ДПИ од 2018 година, како и резултатите од анкетите од редот на наставниците, родителите и учениците со цел согледување на моменталната слика на училиштето. Беа разгледани сите предности и недостатоци во училиштето, силните и слабита страни во досегашното работење на училиштето, како и пречките во остварување на одредени приоритетни подрачја во изминатата Развојна програма на училиштето.

Врз основа на целата оваа документација, комисијата ги зеде во предвид приоритетите од сите подрачја за изготвување на оваа Развојна програма.

**13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**

| Име и презиме | Работна позиција |
|---|---|
| Марјанчо Јанкулов | Директор |
| Фруска Стојанова | Педагог |
| Стојна Кимова | Психолог |
| Јанушка Милкова | Наствaник по македонски јазик |
| Даниела Мукаетова | Одделенски наставник |
| Марија Петрова | Наставник по англиски јазик |
| Ирена В.Јованова | Родител |

**14. Користена литература**

- Закон за основно образование,
- Закон за наставници и стручни соработници,
- Закон за работни односи,
- Закон за јавни набавки,
- Законот за организација и работата на органите на државната управа
- Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната, програма за работа на основното училиште, како и други интерни и Правилници од МОН,
- Статут на училиштето,
- Стратегијата за образование 2018 – 2025 ,
- Наставен план за основно образование,
- Годишни програми на училиштето од претходните четири години,
- Извештаи за работата на училиштето од претходните четири години,
- Извештај од интегралната евалуација на училиштето во 2018 година и
- Самоевалуација на училиштето за периодот од 2019-2021 година.

**Директор,**

______________________

**/Марјанчо Јанкулов/**

**Претседател на Училишен одбор**

_________________

**/ Ангел Данов/**